„Верувањето во фактот дека можете да имате прекрасна кариера е само еден чекор пред нејзиното постигнување“
Сен Ајкен

**БИДЕТЕ НАШАТА ИДНИНА ДЕНЕС**

КБ Прво пензиско друштво АД Скопје – лидер на пазарот на пензиското осигурување во Република Северна Македонија, препознатливо по своите етички принципи, висока стручност, професионалност и транспарентност во работењето, има потреба од вработување на лица на позицијата стручен соработник за продажба.

Работното време е 40 работни часа, секој работен ден од понеделник до петок.
Висината на платата и останатите услови се предмет на договор.
Месечните и годишните бонуси врз основа на остварените продажни резултати.




**Опис на работните обврск:**

- Продажба на задолжително и доброволно пензиско осигурување и претставување на задолжителното и доброволното пензиско осигурување и на Друштвото на терен;
- Контактирање на потенцијални клиенти и закажување состаноци;
- Склучување договори за членство, професионални пензиски шеми и договори за исплата на средства;
- Одржување на долгорочна релација со своите членови и постојана грижа за нив;
- Известување и подготовка на извештаи согласно барањата и потребите на Друштвото за сите продажни активности.

**Потребни квалификации:**

- Минимум средно образование (општествена, економска, правна или др. насока
- Да поседува возачка дозвола Б категорија.

**Потребно е кандидатот да поседува:**

- Претходно искуство во продажни активности и/
- или претходно искуство во финансиски институции ќе се смета за предност;
- Позитивен став, проактивност, самоиницијативност и доверливост;
- Комуникациски вештини – говорни и писмени; Познавање на MS Office;
- Лична одговорност и интегритет;
- Подготвеност за учење и професионално усовршување.

За вршење работи од областа на маркетингот за пензиските фондови, потребна е лиценца што ја издава Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување – МАПАС, за што кандидатите треба да полагаат испит за агент за вршење работи на маркетинг и продажба на задолжително и доброволно капитално пензиско осигурување.
Кандидатите кои ќе бидат избрани, Друштвото дополнително ќе ги информира за начинот и условите за полагање испит за агент. Само кандидатите кои ќе влезат во потесен круг, ќе бидат повикани на интервју. Друштвото го задржува правото да не ангажира ниту еден кандидат од пријавените на конкурсот. За дополнителни прашања, можете да стапите во директен контакт со КБ Прво пензиско друштво на следнава електронска адреса: **vrabotuvanje@kbprvo.com.mk** или на тел.: **02/3243- 777.**
Друштвото Ви нуди флексибилна и пријатна работна средина, како и можност за дополнителна обука и професионална надградба.
Доколку сте подготвени да ја креирате Вашата иднина денес, Ве охрабруваме да се приклучите на нашиот тим.
Вашата биографија ја очекуваме на следнава електронска адреса: **vrabotuvanje@kbprvo.com.mk** најдоцна до **10.07.2025.** **Напомена:** Согласно Законот за заштита на личните податоци, со доставувањето на Вашата биографија за идните потреби на Друштвото, согласни сте Вашите лични податоци да бидат предмет на обработка од страна на Друштвото, за потребите на користење во процесот на селекција на кадри. Друштвото Ве известува дека Вашите лични податоци нема да бидат користени за ниедна друга цел, освен наведената, ниту пак, би биле достапни на трети лица, односно Вашите лични податоци ќе се обработуваат согласно Законот за заштита на личните податоци.

Супервизор на капитално финансирано пензиско осигурување е Агенцијата за супервизија на капитално финансирано пензиско осигурување (МАПАС) www.mapas.mk тел.: 02/3224-229.